# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ ВИШ ЛЕКТОР ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1902-119/4 од 8.5.2017 година донесена на 155. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 8.5.2017 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно-стручно звање *виш лектор* за научната област *англистика* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

– проф. д-р Марија Кусевска (претседател), вонреден професор од наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– проф. д-р Нина Даскаловска (член), вонреден професор од наставно-научната област методика на наставата по англиски јазик и книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– м-р Снежана Кирова, виш лектор за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија“, „Утрински весник“ и „Коха“ на 10.4.2017 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат: м-р Драган Донев, вработен како лектор на Филолошки факултет, Катедра за англиски јазик и книжевност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет да му го поднесеме следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Драган Донев** е роден на 13 април 1980 година во Штип, каде што со континуиран одличен успех завршува основно и средно образование. Дипломира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје во 2006 година со просек 8,95 и се стекнува со звање толкувач по англиски и германски јазик.

Во 2013 година, со просек 9,60 магистрира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје и се стекнува со титула магистер на филолошки науки. Магистрира на тема „Анализа на реториката на убедување во политички дискурс на македонски и на англиски јазик“.

Во периодот од септември 2006 до јуни 2007 година работи како референт/толкувач и преведувач по германски јазик во „Астибо фешан“ - Штип. Во 2007 година бил избран како лектор со матична комисија при формирањето на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во 2010 година бил избран за помлад лектор по англиски јазик (Одлука бр. 2402-32/13 од 17.2.2010 година) на истиот факултет, а во 2013 година за лектор по англиски јазик (Одлука бр. 2402-104/3 од 14.8.2013 година).

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во виш лектор***

1. М-р Драган Донев има завршено прв и втор циклус студии во областа во која се бира - наставник во наставно-стручно звање *виш лектор* за научната област *англистика* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
2. Ги завршил студиите од прв и втор циклус со просек од најмалку 8 (осум просечна вредност - неговиот просек на оцените од прв циклус студии е 8,95, а од втор циклус студии 9,60.
3. Има објавено научни и најмалку пет стручни трудови (подолу следи нивна евалуација).
4. Поминал најмалку еден мандат како лектор.
5. Покажува способност за наставна работа, владее со проблемите на својата дисциплина и има практично искуство во наставната работа.

Кандидатот м-р Драган Донев има завршено втор циклус студии од научната област наука за јазик – англистика, има долгогодишно работно искуство во наставно-образовната дејност и успешно владее со проблемите на својата дисциплина, што значи дека ги исполнува законските услови за избор во звање лектор

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во рамките на наставно-образовната дејност на Филолошки факултет кандидатот м-р Драган Донев се покажа како сериозен педагошки работник кој поседува солидни вештини на комуникација, како и способност за организирање и имплементирање на сите задачи и задолженија.

Кандидатот е ангажиран на Групата за англиски јазик и книжевност за реализација на вежбите по следните предмети: Современ англиски јазик 1, Современ англиски јазик 2, Преведување и толкување од англиски на македонски јазик, Преведување и толкување од македонски на англиски јазик и Вовед во преведување и толкување. Истовремено е ангажиран за изведување вежби по предметот Англиски јазик како странски јазик на нематичните факултети во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев"– Штип: Деловен англиски јазик 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на Економски факултет и Медицински англиски на Медицински факултет. Учествува и во организацијата на англискиот јазик како универзитетски предмет на УГД. За горенаведените предмети тој одржува вежби, подготвува материјали за вежби и помага во подготовка на материјалот за предавање на ресорните професори, помага во прегледувањето и одржувањето на колоквиумите и испитите како тестатор.

Покрај обврските поврзани со вежбите по наведените предмети, тој ги извршува одговорно и совесно и сите други задачи за потребите на Групата за англиски јазик и книжевност, Факултетот и Универзитетот.

М-р Драган Донев важи и за активен истражувач, а доказ за тоа се неговите досегашни учества на повеќе национални и меѓународни научни собири, објавените трудови во национални и меѓународни зборници и сл.

Во продолжение следуваат насловите на објавените трудови со научната евалуација за период од последниот избор на кандидатот до денес:

***Објавени научни и стручни трудови***

Резултатите од научната и стручната активност на м-р Драган Донев се презентирани преку следниве трудови и преводи:

Марија Крстева, Драган Донев. (2017). Перцепција на студентите за сопствените проблеми при читање англиски текстови. *Годишен зборник на Филолошки факултет, УГД* 8 (8), 129-135.

Овој труд ја анализира перцепцијата на студентите за сопствените проблеми при читање непознат текст на англиски јазик. Во нашава анализа вниманието е насочено кон перцепцијата на студентите за сопствените тешкотии при читање. Најнапред е приложен преглед на карактеристичните проблеми по јазични категории присутни при изучување на странски јазик. Акцентот овде е ставен на проблемите што се јавуваат при изучувањето на англискиот јазик како странски.

Надица Негриевска, Драган Донев. (2017). Разлики меѓу шпанскиот и италијанскиот јазик од фонолошка гледна точка. *Годишен зборник на Филолошки факултет, УГД 8 (8)*, 9-19

Во трудот се прави споредба меѓу фонолошките карактеристики во италијанскиот и во шпанскиот јазик со цел да се истакнат разликите на фонолошко ниво. Во почетокот на трудот се дава краток преглед на потеклото на италијанскиот и шпанскиот јазик, а потоа фокусот е на некои најзначајни разлики во поглед на акцентот и вокалниот и консонантскиот систем во двата јазика. Овој труд може да најде примена во наставата и да им помогне на студентите во надминување на тешкотиите при изучување јазиците, како и во намалување на грешките кои настануваат како резултат на заемното влијание меѓу двата јазика.

Драган Донев, Толе Белчев, Данче Стефановска. (2017). Постмодернистички стратегии во македонската модерна и постмодерна поезија. *Годишен зборник на Филолошки факултет, УГД 8 (8)*, 85-93

Овој труд претставува анализа на постмодернистичките елементи и преку него се покажува нивното присуство и пред почетокот на постмодернистичкиот период во литературата. На почетокот од овој труд се зборува за постмодернизмот и неговите почетоци како во светската литература, така и во македонската. Потоа се става акцент на елементите на постмодернизмот и нивните карактеристики. Понатаму во трудот се анализираат песни од најистакнатите поети во периодот на модернизмот за да се докаже присуството на овие елементи и пред периодот на постмодернизмот.

Марија Крстева, Драган Донев. (2015). Тематски преокупации во „Долга црнечка песна" на Ричард Рајт. *Годишен зборник на Филолошки факултет, УГД 6(6),*113-119

Трудот го опфаќа периодот на 20-тите години на минатиот век, т.н. револуционерна декада за Афроамериканците. Ја анализира претставата на Црнците за самите себе и нивното место во општеството. Главната цел на Рајт е да ги прикаже Црнците најверодостојно што може рушејќи го митот на Белците за нив како мирни и понизни луѓе. „Долга црнечка песна" е еден од осумте раскази од колекцијата „Децата на чичко Том" и обид на Рајт да го воведе „новиот Црнец".

Драган Донев. (2016). Проблеми со прибележување на студентите при консекутивно толкување. *Филко, Зборник на трудови*, 191-198.

Овој труд ги анализира проблемите што студентите ги среќаваат кога прибележуваат при консекутивно толкување. Се очекува да се лоцираат најгорливите проблеми за студентите и во иднина да се стави поголем акцент токму врз нив. Исто така, овој труд има намера да поттикне понатамошно дејствување во правец на истражуваања за изнаоѓање конкретни решенија за најчестите проблеми.

Даринка Маролова, Драган Донев. (2017). Promoting Macedonian literary heritage in German-Speaking countries. *IJSBAR 31(2),* 316-320.

Предмет на истражување на оваа научна статија се досега познатите патиштата по кои се пробивале и се пробиваат македонските писатели на странската книжевна сцена, пред сè во Германија и во Австрија, каде што германскиот важи за официјален јазик. Трудов претставува еден вид сублимација на наслови на македонски романи, раскази, народни приказни, драми и сл. кои се целосно или делумно преведени на германски јазик, наведени заедно со имињата на авторите и, секако, на преведувачите.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната досегашна активност која е изнесена во овој реферат, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот м-р Драган Донев поседуваат квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност и покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски.

Поради тоа, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип **да го усвои овој извештај и да го избере кандидатот м-р Драган Донев во звањето виш лектор за научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марија Кусевска, вонреден професор, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Нина Даскаловска, вонреден професор, член, с.р.**
**М-р Снежана Кирова, виш лектор, член, с.р.**